01-132/1
18.12. 21

ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ZAJEDNICA HRVATA U REPUBLICI MAKEDONIJI

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации на Република Северна Македонија (Службен весник на РМ бр. 52/10), Собранието на Заедницата на Хрватите во Република Северна Македонија, на редовното годишно Собрание одржано во Скопје на ден 18.12.2021. година, донесе:

# С Т А Т У Т
## НА ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Општи одредби

**Член 1**

Заедница на Хрвати во Република Северна Македонија е здружение на граѓани, со хрватско етничко потекло, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси, како и заради вршење дејности за подобрување и унапредување на заедничко живеење со останатите граѓани на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Заедницата на Хрватите во Република Северна Македонија своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, Законот за здруженија и фондации на РСМ, со овој Статут, како и со други закони и прописи кои ја регулираат оваа област.

**Член 3**

Името на здружението е: Здружение на граѓани ЗАЕДНИЦА НА ХРВАТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ, а скратено име е ЗХРСМ (во натамошниот текст ЗХРСМ).

**Член 4**

Седиштето на ЗХРСМ е во Скопје на ул. Никола Парапунов бб, зграда 8 - Скопје, Република Северна Македонија.
ЗХРСМ се организира и дејствува на подрачјето на Република Северна Македонија.

**Член 5**

ЗХРСМ е правно лице.
ЗХРСМ има свој печат и штембил.
Печатот и штембилот имаат верзија на кирилица и латиница.
Печатот има тркалезна форма со испишан текст: Заедница на Хрвати во Република Северна Македонија со кирилично писмо и „Zajednica Hrvata u Republici Sjevernoj Makedoniji", на хрватски јазик и со латинично писмо.
Штембилот има правоаголна форма, со испишан текст Заедница на Хрвати во Република Северна Македонија, број и празен ред за впишување на број, дата, Скопје.

**Член 6**

ЗХРСМ има свој амблем. Амблемот е во форма на круг. На рабовите на кругот на сина основа со бели букви испишано е: Заедница на Хрвати во Република Северна

Македонија на македонски јазик и со кирилично писмо и „Zajednica Hrvata u Republici Sjevernoj Makedoniji", на хрватски јазик и со латинично писмо. Во средината на печатот е амблемот на ЗХРСМ со мотив на хрватското знаме.

## Претставување на ЗХРСМ

### Член 7

ЗХРСМ го претставува и застапува претседателот, а во случај на неговата отсутност или спреченост - потпретседателот, претседателот на Извршниот одбор или член на претседателство.
Во случај на подолга спреченост или отсутност од државата претседателот по писмен пат определува кој ке го застапува.

### Член 8

ЗХРСМ има свои сметки, регистарски и даночен број.

## Јавноста во работата

### Член 9

Работата на ЗХРСМ е јавна.
Јавноста во работата се обезбедува со:

- поднесување на годишна програма за работа, годишни извештаи за работа на сите органи на ЗХРСМ; финансиски план и финансиски извештај
- достапност на сите членови, до работните, програмските, проектните и материјално-финансиските документи на ЗХРСМ;
- редовно известување на членовите на ЗХРСМ за тековно работење;
- известување на јавноста за активностите на ЗХРСМ преку средствата за јавно информирање;
- издавање на сопствено списание „Хрватска ријеч„
- .

### Член 10

Во ЗХРСМ може да членуваат и поединци и организации со сродни цели на дејствувањето.
ЗХРСМ може да се здружува во сојузи, или други форми на здружување на граѓани, заради унапредување на заедничките активности, за усогласување на посебните и заеднички интереси во областа за која се основани, како и за остварување други прашања од заеднички интерес.
ЗХРСМ може да се зачленува во меѓународни организации.

### Член 11

ЗХРСМ е самостојна, непартиска и непрофитна организација.
ЗХРСМ својата дејност ја врши согласно целите утврдени со овој Статут.
ЗХРСМ како здружение не може да врши политички, ниту партиски активности во смисла на членот 13 од Законот за здруженија и фондации на РСМ.
Доколку во работата на ЗХРСМ се оствари добивка, истата ќе се употреби исклучително за остварување на целите и извршување на задачите на ЗХРСМ, утврдени со овој Статут.
Остварената добивка не може да се распределува меѓу членовите или членовите на органите на ЗХРСМ, вработените или со нив поврзани лица.

## Цели и задачи на ЗХРСМ

**Член 12**

Целите на ЗХРСМ се:

- зачувавање на националниот идентитет, јазикот, писмото, културата, уметноста, фолклорот и другите духовни и материјални вредности на хрватската нација, како и негување и развивање на македонско-хрватските врски и односи како и унапредување на односите со хрватската држава.
- ширење на свеста за соживот и меѓунационална толеранција во Република Северна Македонија;
- поттикнување соработка помеѓу останатите субјекти од областа на јавниот, општествениот, културниот и спортскиот живот на двете држави;
- поддржување на интересите на членството пред званичните органи на државната власт во Република Северна Македонија и во Република Хрватска, директно или преку амбасади и конзуларни претставништва;

**Член 13**

Задачите на ЗХРСМ се:

- да ги обединува граѓаните од хрватско потекло sa негување на јазикот, културното наследство и врски со својата татковина Република Хрватска
- организирање заеднички културни манифестации во соработка со културни и други соодветни институции во Република Северна Македонија и во Република Хрватска;
- организирање спортски средби и натпревари со спортисти од сродни здруженија во Република Северна Македонија и во Република Хрватска;
- одбележување на значајните датуми од историјата на хрватскиот и македонскиот народ, од неговиот културен и општествен развој;
- организирање предавања, трибини, семинари и слично за теми и прашања од заеднички интерес и тоа од областа на образованието, здравјето, женските права, културата, науката, стопанството, економијата, политиката, спортот и слично;
- организирање активности за негување и зачувување на хрватскиот јазик и негова популаризација кај деца на предучилишна и училишна возраст;
- издавање списание на ЗХРСМ со цел информирање на членството и на јавноста за активностите на ЗХРСМ;
- да учествува во проекти во Републија Северна Македонија и Република Хрватска со цел промовирање на заеднички врски на двете држави,
- учество на манифестации и активности на сродните здруженија во Република Северна Македонија, во Република Хрватска и во странство;
- размена на посети и одржување други видови контакти со сродни здруженија во Република Северна Македонија, во Република Хрватска и во странство;
- усогласување, координација и надзор над работата на ограноците на ЗХРСМ во Република Северна Македонија;
- одржување постојани врски со дипломатските претставници на Република Хрватска и со надлежните државни органи на Република Хрватска;
- набавка на весници, списанија, книги и разни видови носачи на звук и слика од Република Хрватска;
- да организира емисии на хрватски јазик на радио и ТВ станици.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Член 14**

Своите цели и задачи ЗХРСМ ќе ги остварува самостојно и во соработка со други здруженија, фондации и органи и институции на локалната самоуправа и државната власт, како и стопански субјекти во Република Северна Македонија, Република Хрватска, како и во странство каде што постојат здруженија на Хрватите.
Оваа соработка се остварува преку непосредни контакти, размена на информации, публикации, проектни активности и друг вид контакти.

**Член 15**

За остварување на своите цели и задачи ЗХРСМ и ограноците имаат своја библиотека, читалница, видеотека и аудиотека кои им стојат на располагање на членовите.

**Член 16**

Комуникацијата на ЗХРСМ со органите на власта и другите институции во Република Северна Македонија се одвива на македонски јазик и со кирилично писмо, додека меѓусебната комуникација на седниците на Собранието и другите тела на ЗХРСМ, како и контактите со органите на власта и другите институции на Република Хрватска, се одвиваат на хрватски јазик и латинично писмо.
ЗХРСМ може на државните и невладините организации од двете земји да им поднесува иницијативи и петиции.

## Членување во ЗХРМ

**Член 17**

Член на ЗХРСМ може да биде секој граѓанин на Република Северна Македонија со хрватско етничко потекло како и личности кои се уважени во своите средини во кои живеат и се ангажирани на очувување и зајакнување на хрватскиот идентитет и во унапредувањето на односите со хрватската држава.
Зачленување во ЗХРСМ е доброволно и се врши со потпишување пристапница. Со престанок на членувањето во ЗХРСМ исти се задолжително брише од електронски регистар на членови.
Член на ЗХРСМ може да стане и странски државјанин со хрватско потекло.
По зачленувањето секој член на ЗХРСМ исти се воведува во база на податоци на електронски регистар на членови.
ЗХРСМ за своите членови води електронски регистар кој се редовно ажурира. Претседателите на ограноците должни се најдоцна до 31. 01. секоја година да го ажурираат списокот на своите членови со состојба на 31. 12. од претходната година и да го достават до Претседателство на ЗХРМ.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Член 18**

Членовите на ЗХРСМ можат да бидат редовни, вонредни и почесни:
**Редовни** членови се физички лица со хрватско етничко потекло како и личности кои се уважени во своите средини во кои живеат и се ангажирани на очувување и зајакнување на хрватскиот идентитет и во унапредувањето на односите со хрватската држава;
**Вонредни членови** се правни лица, (здруженија, друштва како и други правни субјекти), како и физички лица кои не го исполнуваат условот за хрватско етничко потекло за прием во редовно членство.
**Почесен член** може да биде секој поединец или правно лице кое со својата работа, делување и углед дава вонреден придонес во работата и дејствувањето на ЗХРСМ, негување и развивање на културните и духовните вредности на хрватската нација,

негување и развивање на хрватско-македонските односи, заслужни за афирмација на хрватското национално битие во европски и светски рамки, како и истакнати личности.

**Вонредните членови и почесните немаат** право на глас во Собранието, но можат да учествуваат во работата на ЗХРСМ.

**Член 19**

Редовните членови на ЗХРСМ ги имаат следниве права:

- да учествуваат во работата на ЗХРСМ;
- да избират и да бидат избрани во органите на ЗХРСМ;
- да даваат мислења и предлози за работата на ЗХРСМ и за подобрување на истата;
- да ги користат просториите, опремата и инвентарот на ЗХРСМ;
- да бидат информирани за сите активности на ЗХРСМ;
- и други права утврдени со законот и со овој Статут.

Редовните членови на ЗХРСМ ги имаат следниве обврски:

- да се придржуваат кон одредбите на овој Статут;
- да ги почитуваат и извршуваат одлуките на органите на ЗХРСМ;
- редовно да ја плаќаат членарина;
- домаќински да се однесуваат кон имотот, материјалните и финансиските средства на ЗХРСМ;
- со своето однесување и работа да го чуваат угледот на ЗХРСМ;
- други обврски утврдени со закон и овој Статут.

Вонредните и почесните членови на ЗХРСМ ги имаат истите права и обврски како и редовните членови, освен правото да бираат и да бидат избрани, во органите на ЗХРМ.

**Член 20**

Учеството на членовите на ЗХРМ во работата на органите на ЗХРСМ е доброволно.
Членовите на ЗХРМ можат да примат надоместоци за патни, дневни и други реални трошоци во согласност со законите и во зависност од расположливите финансиски средства.

За самопрегорност во работата и постигнати вонредни резултати на членот на ЗХРСМ може да му се додели соодветно признание или награда.
Условите и начинот на доделување на признанијата се уредува со посебен правилник.

**Член 21**

Членување во ЗХРСМ престанува со:

- доброволно истапување;
- исклучување;
- престанок на работа на ЗХРСМ;
- смрт на членот;
- со одлука на Председателството на ЗХРСМ а на предлог на Судот на честа или на предлог на Претседателот на ЗХРСМ

## Управување и органи на ЗХРСМ

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Член 22**

Органи на ЗХРСМ се:

- Собрание,
- Претседателство,
- Надзорен одбор,
- Суд на честа.

**Член 23**

Сите органи ги избира Собранието и за својата работа истите се одговорни пред Собранието.
Мандатот на членовите во органите на ЗХРСМ е со траење од четири години, со можност за уште еден повторен избор.
Изборите се јавни, освен ако Собранието одлучи да бидат тајни.
Избор на претседателот на ЗХРСМ врши се со тајно гласање.
Доколку еден или повеќе членови на некој орган поднесат оставка од лични причини и тоа има влијание на работата, членовите на органот можат да изберат (кооптираат) друго лице но не повеќе од една третина.

Членовите на органите на ЗХРСМ не можат да гласаат за одлуките во кои нивниот приватен интерес влијае или може да влијае врз вршењето на нивните овластувања и должностите во органите на ЗХРСМ.
Во случај кога има потреба од итно одлучување или од оправдани причини не може да се обезбеди кворум со физичко присуство на членовите на некој од органите може да се примени начин на „одлучување без присуство - по електронски пат". Тоа е начин на кој членовите на органот се изјаснуваат без одржување на седница или без присуство на членот на органот, а преку телефонска или видео конференција или со потпишување на актот кој треба да се донесе.

## Собрание на ЗХРСМ

**Член 24**

Собранието е највисок орган на ЗХРСМ.
Собранието го сочинуваат делегати на ограноците.
Делегатите се избираат според клучот: 10% од вкупниот број на членови на огранокот.
Делегат на огранок задолжително е редовен член кој активно учествувал во работата на ЗХРМ, кој платил чланарина и дал свој активен придонес во работата на Огранокот.
Во составот на Собранието влегуваат и членовите на Претседателството на ЗХРСМ, Надзорниот одбор и Судот на честа.
Собранието на огранокот го сочинуваат сите членови на еден огранок
Собранието работи и донесува одлуки на седници.
Седниците на Собранието можат да бидат редовни и вонредни.
Седницата на Собранието ја свикува претседателот на ЗХРСМ, најмалку 14 дена пред денот на одржувањето на седницата.
Редовната седница на Собранието се одржува еднаш годишно, најдоцна до крајот на април во тековна година.
Изборна седница на собранието се одржува на четири години.

Вонредна седница на Собранието се свикува по потреба, заради решавање важни и неодложни прашања.

На вонредна седница на Собранието се расправа и одлучува само за прашањата поради кои е свикана.
Вонредна седница на Собранието може да свика Претседателот на ЗХРСМ според своја одлука или по писмено барање на група од најмалку една третина од вкупниот број на редовните членови на ЗХРСМ.
Свикувањето на вонредна седница на Собранието може да биде и во покус рок.
Доколку претседателот на ЗХРСМ не свика седница во предвидениот рок, истата може да ја свика Претседателството или предлагачите.
Овие одредби се однесуваат и на свикување на седниците на ограноците, чија што редовна седница треба да се одржи најмалку еден месец пред одржување на редовната седница на Собранието на ЗХРСМ.
Огранокот на својата седница ги одредува делегатите за седницата на Собранието на ЗХРСМ и список со имиња на делегатите го доставува до Председателството на ЗХРМ 14 дена пред одржувањето на годишното Собрание на ЗХРСМ.

**Член 25**

Собранието може да се одржи ако на седницата присуствуваат повеќе од 50% од вкупниот број на делегати на ЗХРМ.
Седницата на редовното и на вонредното Собрание ја води работно претседателство.
На седницата на Собранието одлуките се донесуваат со мнозинство од вкупниот број на делегати.
Со двотретинско мнозинство на гласови, од вкупниот број на делегати Собранието одлучува за:

- донесување на Статутот на ЗХРСМ и негови измени и дополнувања,
- престанок на постоењето на ЗХРСМ,
- зачленување во други сојузи или здруженија.

На Собранието се одлучува со јавно гласање. Доколку Собранието одлучи, за одделни прашања може да се одлучува со тајно гласање или со акламација на пристутните на Собранието.
Секој делегат во Собранието има право на еден глас.
За работата на седницата на Собранието се води записник.
Работата на Собранието детално се уредува со деловник за работа.
Одредбите за кворум за работа и донесување одлуки се однесуваат и на работата и донесувањето на одлуките во ограноците на ЗХРМ.
Собранието на огранокот може да се одржи ако на седницата присуствуваат најмалку 10% од редовните членови на огранокот.

**Член 26**

Надлежности на Собранието се:

1. Донесува Статутот на ЗХРСМ и врши измени и дополнувања на истиот;
2. Избира претседател, потпретседател и секретар на ЗХРСМ како и членови на Претседателството, Надзорниот одбор и Судот на честа;
3. Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
4. Усвојува програма за работа на ЗХРСМ;
5. Донесува правилници и други акти неопходни за работата на Собранието;
6. Ги разгледува и ги усвојува извештаите за работата на органите на ЗХРСМ;
7. Одлучува за основање и укинување на организациските делови - ограноци и клубови на ЗХРСМ на територијата на Република Северна Македонија;

8. Утврдува начин на прием на нови членови и престанок на членувањето во ЗХРСМ;
9. Одлучува за зачленување или здружување на ЗХРСМ со други сојузи или здруженија во Република Северна Македонија или во странство, со кои имаме
   Заеднички цели и сродни активности,
   Одлучува за прием во ЗХРСМ на здруженија на Хрвати кои се самостојно основани;
10. Одлучува за промена на целта на здружувањето ;
11. Одлучува врз основа на жалбите на одлуките на Судот на честа;
12. Одлучува за престанок на постоењето на ЗХРСМ со двотретинско мнозинство на гласови;
13. Донесува одлуки, заклучоци и препораки за сите други прашања кои се од интерес за работата и дејствувањето на ЗХРСМ.

## Претседателство на ЗХРСМ

### Член 27

Претседателството на ЗХРСМ е составено од најмногу 15 члена и го сочинуваат:
- претседател
- потпретседател
- претседател на извршниот одбор
- координатор на ЗХРСМ за ограноци
- *претседатели на ограноците*
- 5 членови

Претседателот на ЗХРСМ е воедно и претседател на Претседателството.
Мандатот на членовите на Претседателството на ЗХРСМ е во траење од четири години, со право на реизбор. Поради континуитет во работата 50% од членовите можат да останат во новиот мандат.

### Член 28

Претседателството раководи со работата на ЗХРСМ во период помеѓу две Собранија. Претседателството работи на седници. Седниците ги свикува претседателот, а доколку тој е спречен потпретседателот или најмалку пет члена на Претседателството.
Претседателството заседава со повеќе од половина од вкупниот број на членови и носи полноправни одлуки со просто мнозинство од присутните. членови на Претседателството.
Претседателството заседава со повеќе од половина од вкупниот број на членови и носи полноправни одлуки со просто мнозинство од вкупниот број на членови на Претседателството.

Членовите на Претседателството не можат да бидат членови на Надзорниот одбор.
На седниците на Претседателството задолжително присуствува Претседателот на Извршниот одбор, а можат да присуствуваат и редовни и вонредни членови на ЗХРСМ, но без право на глас.

### Член 29

Надлежностите на Претседателството на ЗХРСМ се:

1. Спроведува одлуки и заклучоци на Собранието на ЗХРСМ, разгледува предлози на членовите;
2. Изработува и поднесува предлог-Статут и предлози за изменување и дополнување на Статутот до Собранието на ЗХРСМ;
3. Изработува и до Собранието на ЗХРСМ поднесува на усвојување предлог - програма за работата на ЗХРСМ и предлог извештај за работа на тековна година;
4. Избира делегати и претставници во други здруженија и организации во кои членува или со кои соработува ЗХРСМ;
5. Донесува и извршува Годишен план за работа на ЗХРСМ и годишен извештај за работа на ЗХРСМ
6. Избира Извршен одбор
7. Избира делегати и претставници во други здруженија и организации во кои членува или со кои соработува ЗХРСМ;
8. Избира координатор на ЗХРСМ, одговорен за ограноците на ЗХРМ во Република Северна Македонија;
9. Донесува и извршува Годишен план за работа на ЗХРСМ и финансиски план за нареданата година;
10. Донесува правилници, деловници, упатства и други акти неопходни за работата на Претседателството и другите органи и тела на ЗХРСМ;
11. Склучува договори и спогодби во согласност со одлуките на Собранието на ЗХРМ;
12. Именува и разрешува благајник на ЗХРСМ;
13. До Собранието на ЗХРСМ доставува предлог - финансиски план за наредната година;
14. Одлучува за формирање одбори, секции, комисии и друг вид на постојани или повремени работни тела, ја насочува и ја контролира нивната работа;
15. Одлучува за висина на членарината ;
16. Одлучува за формирање стручна служба на ЗХРСМ ;
17. Одлучува за основање на фондови и за нивното укинување;
18. Одлучува за основање на трговски друштва;
19. Организира учество на разни активности и манифестации по покана од здруженија и организации од Република Северна Македонија, Република Хрватска и од странство;
20. Одлучува за доделување на признанија и награди на поединци и организации во ЗХРСМ, во Република Северна Македонија, Република Хрватска и во странство;
21. Одлучува за прием и прогласува почесни членови на ЗХРСМ;
22. Подготвува извештај за работата на ЗХРСМ помеѓу две Собранија;
23. Одлучува по предлозите на Судот на честа за разрешување од функција и за исклучување од членство;
24. Одлучува по жалбите на одлуките на Судот на честа;
25. Одлучува по поплаките и претставките на членовите на ЗХРСМ;
26. Извршува и други работи и задачи кои произлегуваат од Статутот и програмата за работа, а кои се од значење за дејствување на ЗХРСМ;
27. Донесува одлуки во врска со вкупното располагање со имотот на ЗХРСМ.

**Претседател на ЗХРСМ**

**Член 30**

Претседателот на ЗХРСМ се бира од членовите на ЗХРСМ.
Кандидат за претседател треба да ги исполни следните услови:

- да е член на ЗХРСМ непрекинато најмалку пет години и да учествува во нејзината работа,
- покрај македонско да има и хрватско државјанство,
- активно да владее со хрватскиот јазик, усно и писмено,

Кандидатура со програмата за работа треба да ја достави до Претседателството на ЗХРСМ најдоцна 14 дена пред одржување на изборното собрание на увид и одобрување.
По прифаќањето на кандидатурата, Претседателство на ЗХРСМ истата ја испраќа до ограноците.
Истите услови важат и за избор на претседателите на ограноците.
Претседателот на ЗХРСМ кој е воедно и претседател на Претседателството ги има следните надлежности и задачи:

1. Раководи со работата на ЗХРСМ според годишниот план за работа, а во согласност со Статутот на ЗХРСМ, Законите и Уставот на Република Северна Македонија;
2. Го претставува и застапува ЗХРСМ и ги врши протоколарните функции на прием и контакт со домашните и странски државни органи и со претставниците на меѓународни здруженија и организации;
3. Склучува договори и спогодби во согласност со одлуките на Собранието на ЗХРСМ;
4. Одговорен е за навремено и доследно спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието на ЗХРСМ;
5. Дава насоки на Претседателството за изработка на програма за работа и извештај за работа на ЗХРСМ;
6. Ги свикува и ги води седниците на Претседателството;
7. Одлучува за формирање стручна служба на Претсдетелството на ЗХРСМ ;
8. Должно е да отвори посебни жиро сметки на ЗХРСМ за секој одобрен проект оделно
9. Води грижа за законитоста во материјално-финансиско работење на ЗХРСМ;
10. Донесува одлуки во врска со вкупното располагање со имотот на ЗХРСМ.
11. Свикува годишни седници на Собранието на ЗХРСМ;
12. Извршува и други работи и задачи кои се од интерес на ЗХРСМ.

**Член 31**

Потпретседателот на ЗХРСМ ги врши сите работи и задачи дадени од страна на претседателот на ЗХРСМ и во целост го заменува кога е отсутен.
Доколку потпретседателот не е во можност да ги извршува овие работи, поради оправдани причини, тогаш овие обврски ги извршува претседателот на Извршниот одбор.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

## Извршен одбор

**Член 32**

Извршниот одбор е извршен орган на Претседателството и е составен од пет члена и тоа:

- претседател,
- потпретседател,
- три члена.

Со работата на Извршниот одбор раководи претседателот, а во негово отсуство потпретседател на одборот. За својата работа Извршниот одбор му одговара на Претседателството на ЗХРСМ.

**Член 33**

Извршниот одбор ги извршува следниве работи и задачи:

1. Ги извршува одлуките и задачите добиени од Претседателот и Претседателството на ЗХРСМ;
2. Изработува годишна програма за работа на ЗХРСМ
3. Изработува годишен извештај за работа на ЗХРСМ
4. Подготвува предлог финансиски план на ЗХРСМ и неопходни извештаи од материјално и финансиско работење на ЗХРСМ;
5. Доставува финансиски, оперативни и наративни извештај до надлежниот органи – финансиери на одделни програми и проекти на кои учествува ЗХРСМ
6. Предлага првилници, одлуки, решенија со цел оптимално управување со материјално-финансиските средства и имотот на ЗХРСМ во согласност со Статутот и одлуките на Собранието на ЗХРСМ;
7. Подготвува материјали за годишна седница на Собранието на ЗХРСМ;
8. Извршува и други задачи од интерес на ЗХРСМ а кои не се во надлежност на другите органи.

Благајник на ЗХРСМ ги има следниве задачи:

- ракува со готовински парични средства и е одговорен за водење на пропишаните финансиски документи,
- наплатува членарина и доброволни прилози,
- одговорен е за готовинско плаќање и плаќање преку сметка;
- ја остварува редовна комуникација со овластено сметководствено биро
- поднесува писмен извештај на претседателот на ЗХРСМ за своето работење.

Секој прилив и одлив на финансиски средства мора да биде документиран со писмен документ.

За својата работа е одговорен пред Претседателството на ЗХРСМ.

На барање на Извршниот или Надзорниот одбор благајникот е должен да даде преглед на финансиската состојба на ЗХРСМ.

## Надзорен одбор

**Член 34 предлог**

Надзорниот одбор е орган кој ја следи примената на Статутот и програмата на ЗХРСМ и се грижи за правилно работење и ракување со имотот на ЗХРСМ.

Надзорниот одбор се состои од три члена од кои барем еден поседува стручна подготовка од областа на материјално-финансиско работење.

**Член 35**

Надзорниот одбор избира претседател од своите членови.

Надзорниот одбор ги надгледува политиките на Претседателството и општите работи на ЗХРСМ и му помага со совети прегледува.

Надзорниот одбор има овластување за комуникација, почитување и заштита на интересите на засегнатите лица; да обезбедува соодветен систем на објавување на информации и транспарентност во работењето на ЗХРСМ.

Надзорниот одбор врши увид во документацијата за материјално-финансиското работење на ЗХРМ.

Органите и членовите на ЗХРМ кои извршуваат некои од задачите од материјално-финансиската област, должни се на барање од Надзорниот одбор да му ги достават на увид сите барани податоци и документи.

Надзорен одбор врши и други области утврдени со законската рамка, особено со статутот на ЗХРСМ

За својата работа Надзорниот одбор на Собранието на ЗХРМ му поднесува годишен извештај.

**Член 36**

Надзорниот одбор одржува состаноци по потреба.

Членовите на Надзорниот одбор имаат право да присуствуваат на сите седници и состаноци на Претседателството и Извршниот одбор на ЗХРСМ, но без право на глас.

Претседателство и Извршниот одбор на ЗХРСМ должни се да го известат Надзорниот одбор за времето и местото на одржувањето на своите седници, односно состаноци и да му ги достават потребните податоци.

Ако членовите на ЗХРСМ или членовите на органите на ЗХРСМ дознаат за неправилности во примена на Статутот или во финансиско работење, можат да побараат одстранување на неправилноста од Надзорниот одбор.

## Суд на честа

**Член 37**

Судот на честа е мировно-судски орган на ЗХРМ.

Судот на честа се состои од три члена кои се од редовите на личности кои се уважени во своите средини во кои живеат и се ангажирани на очувување и зајакнување на хрватскиот идентитет и во унапредувањето на односите со хрватската држава

Судот избира претседател од редот на своите членови.

За својата работа Судот на честа на Собранието на ЗХРСМ му поднесува годишен извештај.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 • СКОПЈЕ

**Член 38**

Судот на честа разгледува и одлучува за прашањата, односно за проблемите во однесувањето на членовите на ЗХРСМ, нарушување на угледот на ЗХРСМ и кршење на одредбите на Статутот на ЗХРСМ и презема мерки за нивно отстранување и надминување.

Судот на честа расправа и одлучува во следниве случаи:

- судири и караници помеѓу членовите на ЗХРСМ;
- однесувањето на одделните членови со кои се урива угледот на ЗХРСМ;
- грубо кршење на одредбите на Статутот на ЗХРСМ;
- грубо кршење на обврските и злоупотреба на правата од доверената функција;

- други случаи или ситуации кои можат да имаат штетно влијание на работата и угледот на ЗХРСМ или на некој негов одделен член.

**Член 39**

За грешките, односно прекршоците наведени во членот 38 од овој Статут, Судот на честа може да ги изрече следниве мерки:

- опомена;
- јавна опомена;
- предлог за разрешување од функцијата, односно од членството во некои од органите на ЗХРСМ;
- предлог за исклучување од членството во ЗХРСМ.

Предлозите за последните две мерки Судот на честа ги доставува до Претседателството на ЗХРСМ, а до донесување на конечната Одлука се ставаат во мирување сите права и обврски на членот. Против одлуките на Судот на честа членот има право да поднесе жалба до Собранието на ЗХРСМ.

Одлука на Собранието донесена врз база на жалбата е конечна.

Деталите за работата на Судот начеста се уредуваат со деловникот за работа.

## Секретар

**Член 40**

Секретар е орган на Претседателство на ЗХРСМ.

Секретарот на ЗХРМ ги координира и извршува следниве задачи:

1. Води целосна грижа за администрацијата на ЗХРСМ;
2. Води грижа за извршување на тековните работи на ЗХРСМ;
3. Подготвува седници и води записници за седниците на Претседателството;
4. Води регистар на членовите и ограноците на ЗХРСМ, го ажурира најмалку еднаш годишно а најдоцна со 31. 12. од тековната година. Овака ажуриран регистар служи како основа за одредување на бројот на застапниците на Собранието на ЗХРСМ.
5. Обезбедува биротехничка помош на Судот на честа;
6. Го координира приемот на новите членови на ЗХРСМ;
7. Ги координира активностите, обврските и контактите на претседателот на ЗХРСМ со личности, здруженија и органи надвор од ЗХРСМ;
8. Го чува печатот и штембилот на ЗХРСМ и ги употребува според одлуките и по одобрение на Претседателот на ЗХРСМ;
9. Одговорен е за уредно водење на архивските документи на ЗХРСМ.

Во случај на отварање на работното место технички секретар истиот ќе ги врши задачите под реден број 1, 5, 8 и 9.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 СКОПЈЕ

**Член 41**

Координатор на ЗХРСМ за ограноците е орган на Претседателството кој е одговорен за одржување врски со ограноците и клубовите на ЗХРСМ во Република Северна Македонија и за унапредување на нивната работа.

Надлежноста и задачите на кординаторот се:

1. Одржува врска со претседателите на ограноци и клубовите;
    - ги запознава со работата на ЗХРСМ во Скопје;
    - прима извештаи за нивната работа и активностите;

2. Дава помош на ограноците и клубовите во нивната работа и за нивните проблеми веднаш го известува Претседателството на ЗХРСМ;
3. Ги координира задачите и активностите на ограноците и клубовите со работата на ЗХРСМ во Скопје;
4. Води евиденција за секој огранок и клуб поединечно и за нивното членство;
5. Предлага формирање нови ограноци и клубови доколку се создадат услови за тоа.

## Имотот и материјално - финансиско работење на ЗХРСМ

**Член 42**

Имотот на ЗХРСМ го сочинуваат:
- материјалните средства,
- паричните средства,
- имотните и материјалните права.

**Член 43**

Паричните и материјалните средства ЗХРСМ ги стекнува од:
- членарина,
- Буџетот на Република Хрватска а по пат на учество на распишаните годишни огласи на Средишна државна канцеларија за Хрвати вон Република Хрватска ,
- Буџетот на Република Северна Македонија по пат на одлуки на Владата на РСМ, и по пат на учество на распишаните годишни огласи во Министерството за култура на РСМ и Град Скопје ,
- донации, подароци, спонзорства, тестаменти, легати и слично,
- приходи остварени од организирани собири-свечености,
- наменски средства од фондации,
- проекти и
- други извори (закупнини, инвестиции, дивиденди, камати, заеми).

**Член 44**

Материјалните средства на ЗХРСМ ги сочинуваат:
- недвижен имот и инвентар,
- книжен фонд и сите видови носачи на слика и звук,
- документација (архива).

**Член 45**

Имотот е сопственост на ЗХРСМ и е наменет за остварување на целите и задачите наведени во членовите 12 и 13 од овој Статут.

Користењето и располагањето со имотот на ЗХРСМ се врши согласно законите и овој Статут

Распределба и трошење на паричните средства на ЗХРСМ се врши според усвоен годишен финансиски план.

ЗХРСМ одговара за своите обврски со целиот својот имот и средства.

Членовите на органите на ЗХРСМ одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон ЗХРСМ, за злоупотребата на средствата, за постигнување на целите што за нив како поединци се забранети, или за злоупотребата на ЗХРСМ како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

Членовите на органите на ЗХРСМ и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на ЗХРСМ предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА

случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или не учествувале во одлучувањето.
Барање за надоместок на штета го поднесува Извршниот одбор.

**Член 46**

Севкупното финансиско работење на ЗХРСМ се одвива преку денарска сметка и една девизна банкарска сметка. Претседателот на ЗХРСМ е обврзан да отвори посебна денарска подсметка за секој одобрен проект одделно, во иста банка.
Претседателството со одлука ќе определи најмалку три лица за потписници на сметките кои колективно ќе се потпишуваат. Потписниците колективно ќе се потпишуваат на документите со два вржани потписа.
Финансиските документи ги потпишуваат претседателот на ЗХРМ и благајникот.
Претседател на ЗХРСМ ги потпишува одлуките за исплата и ги одобрува готовинските исплати преку благајната.
Член на ЗХРСМ кој злоупотребувајќи ги овластувањата кои му се доверени согласно Статут или пак му се пренесени со Одлука од надлежен орган на Заедницата, истата спротивно на своите овластувања ја доведе во долгови или на било кој начин го намали нејзиниот имот или и нанесе штета, одговара за истата согласно Законот за облигационите односи и должен е истата во целост да ја надомести.
Во случај на спор кој ќе произлезе од одредбите или во врска со толкување на Статутот, како и евентуален спор помеѓу ограноците и сл. за истиот да се направи обид да биде решен по мирен пат, во спротивно надлежен ќе биде Основен Граѓански суд во Скопје.

**Член 47**

Благајник на ЗХРСМ ги има следниве задачи:

- ракува со готовински парични средства и е одговорен за водење на пропишаните финансиски документи,
- ракува со готовински парични средства и е одговорен за водење на пропишаните финансиски документи: благајнички дневник, каса прими и каса исплати,
- одговорен е за готовинско плаќање преку благајната,
- поднесува писмен извештај на претседателот на ЗХРСМ за своето работење.

Секој прилив и одлив на финансиски средства од благајната мора да биде оправдан со писмен документ.

За својата работа е одговорен пред Претседателството на ЗХРСМ.
На барање на Извршниот или Надзорниот одбор благајникот е должен да даде преглед на финансиската состојба на ЗХРСМ.
На барање на Извршниот или Надзорниот одбор благајникот е должен да даде преглед на финансиската состојба на благајната.

**Член 48**

Извршниот одбор изработува годишен финансиски план и го поднесува на Собранието на усвојување, по претходно одобрение на Претседателството.
Со финансискиот план се утврдуваат приходите и расходите според нивниот вид и големина.
Расходите се подредуваат според значење, во случај приходите да не се остварат според планот.

Доколку на крајот на годината се појави вишок на приходите над расходите, истиот се пренесува во финансискиот план за наредната година и истиот може да се користи само за остварување и извршување на целите и задачите на ЗХРСМ.

**Член 49**

На крајот на секоја година Извршниот одбор мора да изврши попис на средствата со кои располага ЗХРСМ.

Материјалните средства кои се дотраени и не можат повеќе наменски да се користат можат да се расходуваат, а таа одлука ја донесува Претседателство на ЗХРСМ.

**Член 50**

Надзорниот одбор може во кое било време од годината да побара од благајникот, Извршниот одбор и од Претседателство на ЗХРСМ преглед на материјалното и финансиското работење.

## Огранoци на ЗХРСМ

**Член 51**

Огранокот на ЗХРМ е организациска единица чија цел е мобилизирање на членството на ЗХРМ во регионот во кој огранокот е формиран заради поефикасно и поквалитетно остварување на целите и задачите на ЗХРСМ во тој регион.

Огранокот има едноставна организациска структура која ја сочинуваат:

- председател на огранокот, кој се избира од редовите на членството на ЗХРСМ евидентирано во тој огранок, на начин и постапка предвидена во овој Статут,
- заменик на претседателот,
- администратор воедно и благајник.

Во својата работа огранoците се придржуваат кон одредбите на овој Статут а за работите и деталите кои не се опфатени во него огранoците донесуват свои правилници.

Член 51А

Огранoците на ЗХРСМ се директно подредени на Претседателството на ЗХРСМ и за целокупната работа одговараат на Претседателството на ЗХРСМ.

Огранoците се должни редовно да го информираат Претседателството на ЗХРСМ за својата работа, редовни и вонредни активности, проекти; и да ја координараат својата работа со Претседателството на ЗХРСМ и другите огранoци на ЗХРСМ.

Правата на огранoците, нивните обврски кон Претседателството на ЗХРСМ; односите помеѓу Претседателството на ЗХРСМ и огранoците; односите помеѓу огранoците, начинот на работа, комуникација, информирање и координација детално се уредуваат со правилник кој го донесува Претседателството на ЗХРСМ.

**Член 52**

Младината на ЗХРСМ е организациска единица со свое раководство и Планот за работа.

Своите цели и задачи младината ги остварува во согласност со целите и задачите на ЗХРСМ наведени во членовите 12 и 13 од овој Статут.

## Стручна служба на ЗХРМ

**Член 53**

За извршување на административните, стручните, помошните и другите работи од заеднички интерес за остварување на задачите на ЗХРСМ може да се формира стручна служба.

Обемот на стручната служба, односно структурата, бројот и стручната подготовка на извршителите ќе се определи според условите, односно во зависност од обемот на работите и расположивите финансиски средства.

Вработените во стручната служба имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

Задачите, правата, обврските и раководењето со стручната служба се уредуват со посебен правилник кој го донесува Претседателството на ЗХРСМ.

## Престанок на постоењето на ЗХРМ

**Член 54**

ЗХРСМ престанува да постои:

- со одлука на Собранието, донесена со двотретинско мнозинство на гласови;
- со судска одлука;
- и други случаи предвидени со Закон.

Доколку Собранието на ЗХРСМ донесе одлука за престанок на постоењето или настапи некој од другите предвидени случаи, претседателот на ЗХРСМ е должен во рок од петнаесет дена за тоа да го извести надлежниот орган за регистрација на здруженија на граѓани и фондации.

Во случај на престанок на постоењето на ЗХРСМ, целосниот имот се пренесува во сопственост на Католичката црква во Скопје.

## Преодни и завршни одредби

**Член 55**

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на ЗХРСМ, а помеѓу две Собранија, Претседателството на ЗХРСМ.

**Член 56**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат на начин и постапка како и за негово донесување.

**Член 57**

Статутот влегува во сила на денот на донесувањето, а со тоа престанува да важи Статутот донесен на 27.07.2017. година.

Статутот ќе започне да се применува по неговиот упис во Регистарот на здруженија на граѓани.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Заедницата на Хрватите
во Република Северна
Македонија
**Невенка Костовска**

-------------------------